СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 4 декември 2001
Скопје
Број 95 Год. LVII

Претплатата за 2001 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 120 денари.Жиро сметка 300000000188798

1653.

Врз основа на член 86 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Поради престанок на функцијата се разрешуваат од членови на Советот за безбедност на Република Македонија:

- д-р Владо Бучковски,
- д-р Илинка Митрева.

II

За членови на Советот за безбедност на Република Македонија се именуваат:

- д-р Владо Поповски,
- Слободан Чашуле.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1708
4 декември 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

1654.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), согласно член 1 од Законот за помилување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. Гоце Љубомир Младеновски од Скопје, во траење од 1 година;
2. Тони Тодор Трајчевски од Скопје, во траење од 1 година;
3. Горан Љупчо Биковски од Берово во траење од 5 месеци.

II

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 1 година на осудените лица:

1. Зорица Јанакија Ѓорѓиевска од Скопје, во траење од 4 месеци;
2. Гоше Симеон Арсов од Кочани, во траење од 3 месеци;
3. Драги Богдан Спирковски од Кочани, во траење од 3 месеци;
4. Стамен Милан Станковски од Кочани, во траење од 3 месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1686
3 декември 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

1655.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана се избира д-р Владо Поповски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3998/1
30 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1656.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи се избира Слободан Чашуле.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3999/1
30 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1657.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

1. За член на Владата на Република Македонија и министер кој ќе раководи со Министерството за здравство се избира д-р Ѓорѓи Оровчанец.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4000/1
30 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1658.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 47 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР

1. За член на Владата на Република Македонија и министер без ресор се избира Доста Димовска.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4001/1
30 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1659.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕР

1. Се разрешува Зоран Теофиловски од функцијата заменик на министерот за правда.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3996/1
30 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1660.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА МИНИСТРИ

1. За заменици на министри во одделни министерства се именувани:

Трајко Вељаноски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда,

Аљоша Беговски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија,

Стојан Дамчески, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура,

Живко Јованов, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски и

Асип Асипи, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3997/1
30 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1661.

Врз основа на член 91, став 1, точка 9 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГВАТЕМАЛА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Гватемала на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6842/1
27 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1662.

Врз основа на член 91, став 1, точка 9 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ВАНУАТУ

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Вануату на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6887/1
27 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1663.

Врз основа на член 24-а, став 1 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/2000 и 109/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Со оваа одлука се определуваат царинските контингенти на одделни нафтени деривати кои може да се увезат без плаќање на царина пропишана со Царинската тарифа и тоа:

Наименување	Тарифна ознака	Количина
- моторен бензин со содржина на олово над 0,013г/л со октански број до 98	2710 00 34 00	3.000 тони
- гасни масла за други намени со содржина на сулфур по маса над 0,2% (ЕЛ)	2710 00 68 00	13.000 тони

2. Нафтените деривати од точката 1 на оваа одлука ќе бидат внесени во царинското подрачје на Република Македонија заклучно со 31.12.2001 година.

3. Министерот за економија со решение го одобрува царинскиот контингент по барање на крајниот корисник.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6726/1
27 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1664.

Врз основа на член 9 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000 и 35/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СМЕТКИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОД НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРУГА БАНКА

1. Единиците на локалната самоуправа можат да ги пренесат сметките на органите на единицата на локалната самоуправа во банката за која се определила единицата на локалната самоуправа, согласно со деловниот и територијален принцип, како и бонитетот на банката, која добила дозвола за вршење на платен промет согласно со закон.

Сметките на фондовите, месните заедници, јавните претпријатија и други субјекти основани од единицата на локалната самоуправа се пренесуваат во банките во согласност со став 1, точка 1 на оваа одлука.

2. За отворање на сметки во избраната банка е потребна претходна согласност од министерот за финансии.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6932/1
27 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1665.

Врз основа на член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.10.2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ "СТУДЕНЧИЦА" - СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" - Скопје бр. 0302-395 од 9.11.2001 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" - Скопје, на седницата одржана на 10.08.2001 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5062/1
9 октомври 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1666.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА

1. Со оваа одлука се пренесува правото на користење и располагање на материјално-технички средства и опрема од Министерството за одбрана на Национални паркови и ловишта - Шумски резерват "Јасен" - Скопје и тоа:

Ред. бр.	Назив на материјално-техничко средство/опрема	Единечна мерка	Количина
1.	Нож за послужување	парче	100
2.	Вилушка за послужување	парче	100
3.	Лажица за послужување	парче	100
4.	Послужавник	парче	100
5.	Чинија-овална	парче	100
6.	Чинија-длабока	парче	100
7.	Чинија-за салата	парче	100
8.	Филџан-за чај	парче	80
9.	Цедилка-за чај	парче	1
10.	Вилушка за месо	парче	1
11.	Нож месарски	парче	1
12.	Нож за леб	парче	1
13.	Црпалка 0-5 л.	парче	2
14.	Црпалка 0-3 л.	парче	2
15.	Француска лажица	парче	1
16.	Фаќалка за месо	парче	1
17.	Нож за отворање на конзерви	парче	1
18.	Сатара месарска	парче	1
19.	Тенџере од 10 л.	парче	1
20.	Кревет војнички-комплет	парче	50
21.	Душек војнички троделен	парче	180
22.	Кебе војничко	парче	100
23.	Перница војничка	парче	50
24.	Навлака за перница	парче	50
25.	Чаршав војнички	парче	200
26.	Блуза маскирна	парче	20
27.	Панталони маскирни	парче	20
28.	Капа маскирна	парче	20
29.	Кошула маскирна	парче	40
30.	Чизми војнички	чифт	20
31.	Ветровка маскирна	парче	20
32.	Поткошула војничка к.р.	парче	40

33.	Поткошула војничка д.р.	парче	40
34.	Гаќи војнички-долги	парче	40
35.	Гаќи војнички-кратки	парче	40
36.	Крпа за лице	парче	40
37.	Крпа за нозе	парче	40
38.	Чорапи војнички-зимски	чифт	40
39.	Чорапи војнички-летни	чифт	40
40.	Ранец борбен	парче	20
41.	Врећа транспортна	парче	20
42.	Шаторско крило	парче	20
43.	Ремен за панталони	парче	20
44.	Колан за прерамки	парче	20
45.	Џемпер маскирен	парче	20
46.	Поткапа војничка	парче	20
47.	Ракавици војнички	чифт	20

2. Примопредавањето на материјално-техничките средства и опрема од точка 1 на оваа одлука да го извршат Министерството за одбрана и Национални паркови и ловишта - Шумски резерват "Јасен" - Скопје, меѓусебно.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6586/1 Претседател на Владата
27 ноември 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

1667.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95, 43/95 и 43/99) член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01 и 52/01) и член 35 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати, така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	до 13,120
- МБ - 98	до 13,433
- БМБ - 95	до 13,763

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	до 15,637
- Д - 2	до 14,794

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	до 15,052

г) Мазут до 9,586 **ден/кг.**

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија), ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	до 47,50
- МБ - 98	до 48,50
- БМБ - 95	до 45,50

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	до 36,00
- Д - 2	до 35,00

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	до 24,50

г) Масло за горење (мазут) до 10,433 **ден/кг.**

Цените од став 1 на оваа точка, потточките "а", "б" и "в" важат франко пумпна станица, а цената на потточката "г" важи франко производител во земјата.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука, акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
МБ - 86	24,396
МБ - 98	24,923
БМБ - 95	22,072

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
Д - 1	12,215
Д - 2	12,218

в) Масло за горење	**ден/лит.**
екстра лесно (ЕЛ)	3,136

г) Масло за горење (мазут) 0,100 **ден/кг.**

4. Во цените од точка 2 освен во потточката "г" на оваа одлука, содржани се и трошоците за превоз од 0,400 ден/литар, а трошоците на прометот изнесуваат:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	до 2,00
- МБ - 98	до 2,00
- БМБ - 95	до 2,00

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	до 2,00
- Д - 2	до 2,00

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	до 2,00

г) Масло за горење (мазут) до 0,25 **ден/кг.**

5. Од износот на платените акцизи од точка 3 на оваа одлука, Заводот за платен промет ќе врши уплата во износ од 9,18% на сметка на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 5.12.2001 година.

Бр. 23-7036/1 Претседател на Владата
4 декември 2001 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р

1668.

Врз основа на член 85, а во врска со член 32 од Законот за стандардизација ("Службен весник на РМ" бр. 23/95), министерот за економија донесува

Н А Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ (ХОМОЛОГАЦИЈА) НА ВОЗИЛАТА НА ТРКАЛА, ОПРЕМАТА И ДЕЛОВИТЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВГРАДАТ И/ИЛИ ДА СЕ КОРИСТАТ НА ВОЗИЛАТА НА ТРКАЛА

1. Во Наредбата за задолжително атестирање (хомологација) на возилата на тркала, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на возилата на тркала ("Службен весник на РМ" бр. 89/2000) во Табелата, во целата колона 6 - Влегува на сила за половни возила, датумот "01.10.2001" се заменува со датумот "01.10.2002".

Во Табелата, колона 1 - Емисија на гасови од дизел мотори, со ознака на Правилникот ЕСЕ, R 49/01, во колона 6 датумот "05.01.1985" се заменува со датумот "01.06.2002"; во колона 1 - Бучавост на моторните возила, со ознака на Правилникот ЕСЕ, R 51/01, во колона 6 датумот "05.01.1985" се заменува со датумот "01.06.2002"; и во колона 1 - Јакост на конструкциите на автобусите со повеќе од 16 (22) седишта, со ознака на Правилникот ЕСЕ, R 66/00, во колона 6 датумот "01.10.2001" се заменува со датумот "01.10.2002".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-7347
3 декември 2001 година
Скопје

Министер,
м-р **Бесник Фетаи,** с.р.

1669.

Врз основа на член 7-в, став 2 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 78/93, 70/94, 14/95, 42/95, 71/96, 5/97, 36/97, 7/98, 63/98, 39/99, 43/99, 9/2000, 25/2000 и 11/2001), министерот за финансии донесува

ПРАВИЛНИК ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА ЗА НАБАВЕНИ И РЕГИСТРИРАНИ ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција и контрола за патнички автомобили кои државјани на Република Македонија ги набавиле и регистрирале во странство на свое име или на име на правното лице регистрирано во странство, заради вршење на дејност.

Член 2

За патничките автомобили од член 1 на овој правилник треба да се поседува евидентен картон, чиј образец е даден во прилог на овој правилник и претставува негов составен дел.

За време на управување со патничките автомобили евидентниот картон треба да се наоѓа во возилото и на барање на надлежните органи да биде презентиран.

Член 3

Издавање, евиденција и контрола на евидентните картони од член 2 на овој правилник се води во граничната царинска испостава во која патничките автомобили од член 1 на овој правилник за прв пат се внесени во царинското подрачје на Република Македонија.

Контролата на поседување на евидентираните картони во царинското подрачје на Република Македонија, покрај царинскиот орган, ја спроведува и Министерството за внатрешни работи.

Член 4

При ставањето на увид на патничкиот автомобил на граничната царинска испостава, лицето кое бара издавање на евидентен картон на царинскиот орган ги презентира следниве документи:

- патна исправа на Република Македонија;
- сообраќајна дозвола;
- доказ за регистрирана фирма во странство или доказ за регулиран престој во странство.

Член 5

Рокот на важноста на евидентниот картон изнесува три месеци од денот на неговото издавање. Нов евидентен картон се издава по тој рок за возило кое е изнесено надвор од територијата на државата најмалку за период од дваесет дена.

Член 6

За патничките автомобили од член 1 на овој правилник, кои на денот на влегување во сила на овој правилник се наоѓаат на територијата на Република Македонија, евидентни картони се издаваат во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-23363/1
26 ноември 2001 година
Скопје

Министер за финансии,
Никола Груевски, с.р.

Прилог

Образец Евидентен картон

Министерство за финансии Царинска управа	Царинска испостава _____ (шифра и назив)

Регистарски број на возилото:_____

Име, татково име и презиме: _____

Адреса на живеење: _____

Број на пасош: _____, издаден од: _____

Единствен матичен број: _____

Евиденција на влез:

Број и датум _____

_____ (м.п.)

потпис

Евиденција на излез:

Број и датум _____

_____ (м.п.)

потпис

Евиденција при повторно внесување:

Број и датум _____

_____ (м.п.)

потпис

Напомена 1: За непридржување кон условите од член 17 став 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизи се изрекува мерка за безбедност одземање на патничкото моторно возило.

Напомена 2: Евидентниот картон мора да се наоѓа во возилото за целото време на престојување на територијата на РМ.

*** Образецот можете да го најдете на веб страницата на МФ: www.finance.gov.mk**

1670.

Врз основа на член 80-г став 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97 и 82/99), министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПАРАЛЕЛКИТЕ СО НАСТАВА НА СРПСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

1. Со ова решение престанува да важи Решението за одобрување употреба на учебник по македонски јазик за паралелките со настава на српски наставен јазик за VI одделение ("Службен весник на РМ" бр. 76/2001).

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува употребата на учебникот по македонски јазик за паралелките со настава на српски наставен јазик за VI одделение од авторите Анастасија Стојанова и Лилјана Стојковска - Ефтимова, издаден од АД за издавање учебници и наставни средства "Просветно дело" - Скопје.

3. Решението да се достави до основните училишта и до Бирото за развој на образованието.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-2510/2 Министер,
12 ноември 2001 година проф. д-р **Ненад Новковски,** с.р.
Скопје

1671.

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за девизно работење ("Сл. весник на РМ" бр. 30/93, 40/96 и 54/2000) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98) Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XCII седница одржана на 29.11.2001 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИДОТ НА ДЕВИЗИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА КУПУВАЊЕ И ПРОДАВАЊЕ НА ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР

I. Во Одлуката за видот на девизите кои се предмет на купување и продавање на девизниот пазар ("Сл. весник на РМ" бр. 40/93, 26/96, 61/98 и 1/01) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Точка 1 се менува и гласи:

"1. На девизниот пазар можат да се купуваат и продаваат следните видови на девизи:

1) Економска и монетарна унија (ЕМУ) на Европа-Евро	(EUR)
2) САД долар	(USD)
3) Јапонски јен	(JPY)
4) Англиска фунта	(GBP)
5) Швајцарски франк	(CHF)
6) Австралиски долар	(AUD)
7) Канадски долар	(CAD)
8) Данска круна	(DKK)
9) Норвешка круна	(NOK)
10) Шведска круна	(SEK)"

б) По точка 1 се додава нова точка 2 која гласи:

"2. По исклучок на точка 1 став 1 од оваа одлука Народна банка на Република Македонија по основ на менувачко работење ќе врши откуп на банкноти на следните девизи:

1) Германска марка	(DEM)
2) Француски франк	(FRF)
3) Италијанска лира	(ITL)
4) Австриски шилинг	(ATS)
5) Холандски гулден	(NLG)
6) Луксембуршки франк	(LUF)
7) Белгиски франк	(BEF)
8) Ирска фунта	(IRP)
9) Шпанска пезета	(ESP)
10) Португалски ескудо	(PTE)
11) Финска марка	(FIM)
12) Грчка драхма	(GRD)"

"3. Банкнотите од точка 2 од оваа одлука, ќе се откупуваат во неограничен временски период, освен банкнотите под реден број: 2, 3, 5, 10, 11 и 12, за кои рокот за откуп истекува на 28.02.2012 година".

в) Во точка 2 зборовите: "точка 1" се заменуваат со зборовите: "точките 1 и 2".

II. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2002 година.

О.бр.02-15/XCII-1/2001 Претседател
29 ноември 2001 година на Советот на Народна банка
Скопје на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1672.

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за девизно работење ("Сл. весник на РМ" бр. 30/93, 40/96 и 54/2000) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98) Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XCII седница одржана на 29.11.2001 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ НА КУПО-ПРОДАЖБА НА ДЕВИЗИ МЕЃУ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за начинот и условите на купо-продажба на девизи меѓу правните лица во Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 30/93, 38/93, 58/93, 22/94, 40/94, 52/94, 67/94, 65/96, 17/98, 61/99, 77/00 и 51/01) се вршат следните измени:

а) Во член 7 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

"Терминската продажба може да се склучува со рок, определен со одлука на Народна банка на Република Македонија.

Претпријатието и другото правно лице може остатокот од девизите од член 6 на оваа одлука да ги стави како депозит во банката во рок определен со одлука на Народна банка на Република Македонија, според условите кои ги пропишува банката".

б) Член 17 се менува и гласи:

"Врз основа на извештаите од овластените банки, Народна банка на Република Македонија го утврдува средниот курс за ЕУР (евро) и со примена на интервалутарните односи од фиксингот на Европската централна банка за тој ден се формира средниот курс за останатите девизи".

II. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2002 година.

О.бр.02-15/XCII-2/2001 Претседател
29 ноември 2001 година на Советот на Народна банка
Скопје на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1673.

Врз основа на член 63 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98) и член 3 став 2 од Уредбата за контниот план и за билансите на банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" бр. 43/95) како и Одлуката за аналитичките сметки на контниот план за банки и штедилници ("Службен весник на РМ" бр. 16/01) по претходно добиеното мислење на Министерството за финансии, Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XCII седница, одржана на 29.11.2001 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АНАЛИТИЧКИТЕ СМЕТКИ ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА БАНКИ И ШТЕДИЛНИЦИ

1. Во планот на аналитичките сметки на Контниот план на банките и штедилниците, се воведува следната сметка:

2541 - Обврски по издадени чекови во денари;

По својот карактер сметката е пасивна. На сметката имаат право да книжат банките.

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XCII-4/2001
29 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1674.

Врз основа на член 63 став 1 точка 23 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98) Советот на Народна банка на Република Македонија на XCII седница одржана на 29.11.2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 54/2001 - пречистен текст и бр. 89/01) во точка II. Трезорски работи потточка 10 се менува и гласи:

"10. Издавање на готовина на овластени банки за вршење на платниот промет	0,1% од издадената номинална вредност на готовината"

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2002 година.

О.бр. 02-15/XCII-5/2001
29 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1675.

Врз основа на член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98) Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата XCII седница, одржана на 29.11.2001 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НУМИЗМАТИЧКА-МУЗЕЈСКА ЗБИРКА

1. Со оваа одлука се одобрува воспоставување на нумизматичка - музејска збирка и организирање на постојана поставка на оригинални ретки примероци на монети од тлото на Република Македонија, во рамките на Народна банка на Република Македонија.

2. Се овластуваат стручните служби во Народна банка на Република Македонија да преземат неопходни дејствија за официјализирање на постоење на нумизматичка-музејска збирка согласно прописите кои се однесуваат за заштита на спомениците на културата, пред надлежните органи во Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XCII-6/2001
29 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВО И ОСИГУРУВАЊЕ

Потписничка листа на Договорот за регулирање на работењето со чекови по тековни сметки на граѓаните - образец 19Ц, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 94 од 30.11.2001 година.

	Банки		Потписнички
1.	Стопанска банка	А.Д.- Скопје	
2.	Комерцијална банка	А.Д.- Скопје	
3.	Инвест банка	А.Д.- Скопје	
4.	Македонска банка	А.Д.-Скопје	
5.	Извозна и кредитна банка	А.Д.-Скопје	
6.	Кредитна банка	А.Д.-Скопје	
7.	Тетекс-Кредитна банка	А.Д.-Скопје	
8.	Тутунска банка	А.Д.-Скопје	
9.	Радо банк	А.Д.-Скопје	
10.	Балканска банка	А.Д.-Скопје	
11.	Стопанска банка	А.Д.-Битола	
12.	Охридска банка	А.Д.-Охрид	
13.	Експорт импорт банка	А.Д.-Скопје	
14.	Тетовска банка	А.Д.-Тетово	
15.	Комерцијално инвестициона банка	А.Д.-Куманово	
16.	Силекс банка	А.Д.-Скопје	
17.	Интернационална приватна банка	-Скопје	
18.	Зираат банка-подружница	-Скопје	
19.	Поштенска банка	А.Д. -Скопје	
20.	Македонска банка за подршка на развојот	-Скопје	
21.	Еуросвисс	А.Д.-Скопје	

Здружение на банкарство и осигурување

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје поднесена е тужба за развод на брак по тужба на тужителот Љуљета Незири од Скопје, против тужениот Агрон Незири од Скопје, ул."Клинска Леса" бр. 27, а сега во странство со непозната адреса.

За привремен застапник на туженот кој ќе го застапува пред овој суд со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје бр. 3020-714 од 15.11.2001 година, е определен Меноски Стево адвокат од Скопје,ул."Пајко Маало"бр.6.

Се предупредува тужениот дека привременот застапник ќе го застапува во постапката во предметниот спор се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, а се до правосилното окончување на постапката по предметниот спор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIII. П.бр. 673/01. (30074)

Од страна на тужителот РМ - Министерство за одбрана - Воена Академија - Скопје до овој суд поднесена е тужба за надомест на штета, против тужениот Ѓорѓиевски Александар од Скопје, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 212.675,50 денари.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје - Скопје под бр. 3020-698 од 14.11.2001 година, за привремен старател на тужениот поставен е адвокатот Мирче Ристовски од Скопје, кој ќе ги штити интересите на тужениот до негово јавување пред овој суд, а доколку истиот не се јави до правосилното завршување на постапката.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XV. П.бр. 2853/99.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје, поведена е парнична постапка за надомест на штета по тужба на тужителката Нада Михајловска од Скопје, против тужениот Заим Ќатовиќ од Скопје со непозната адреса во странство.

Судот на тужениот ќе му постави привремен адвокат Даниел Стоилов од Скопје, ДТЦ "Беверли Хилс" кат 1, локал 36 -А, кој ќе ги застапува интересите на тужениот во постапката XI. П.бр. 1696/01 се додека тужениот лично или негов полномошник не ја преземе постапката.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" да се јави во судот лично или преку полномошник, за да ја преземе постапката. Во спротивно истата ќе продолжи преку привременот застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XI.П.бр. 1696/01. (30079)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е поведена постапка за развод на брак по тужба на тужителката Сејада Ајдари родена Мемети од с.Черкеско село - Кумановско, со престој во Швајцарија Метзгер Њ ег 12 8906 Бонстеттен застапувана од адвокатот Бецет Елези од Куманово, против тужениот Назиф Ајдари со последно живеалиште во с.Черкеско село - Куманово, сега со непозната адреса во Швајцарија. Вредност на спорот 60.000,00 денари.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса на живеење од Основниот суд во Куманово на тужениот Назиф Ајдари му се поставува времен застапник Лидија Велиновска, адвокат од Куманово, која што ќе го застапува тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се појават пред овој суд.

Од Основниот суд во Куманово, I.П.бр. 09-1405/01. (29968)

Пред овој суд се води постапка за утврдување на сопственост по тужба на тужителот Рецеп Алији од Куманово, против тужениот Република Македонија и Зоран Јаневски, со постојано живеалиште во Куманово, ул."III МУБ" бр. 3/1, сега со непознато престојувалиште. Вредност на спорот 4.000,00 денари.

Согласно член 78 став 2 точка 4 од ЗПП на тужениот Зоран Јаневски се назначува времен застапник Светлана Спасовска адвокат од Куманово, која ќе го застапува тужениот се додека тој не се појави пред судот или доколку не одреди свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Од Основниот суд во Куманово, IV.П.бр. 1221/01. (29967)

Пред овој суд се води парнична постапка за развод на брак по тужба на тужителката Љеонора Биљали од Куманово, против тужениот Самир Маколи со непозната адреса на живеење.

Се повикува противникот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот, да достави своја адреса или назначи полномошник, а доколку во овој рок не го извести судот за точната адреса на тужениот, судот му поставува времен застапник и тоа Лидија Велиновска адвокат од Куманово.

Од Основниот суд во Куманово, XI.П.бр. 1316/01. (29942)

Пред овој суд се води парнична постапка за развод на брак по тужба на тужителката Берѓиљ Алији од с. Оризаре, против тужениот Арион Алији од с.Лојане, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавување на огласот да се јави во судот, да достави своја адреса или назначи полномошник, а доколку во овој рок не го извести судот за точната адреса, судот му поставува времен застапник и тоа адвокат Лидија Велиновска од Куманово.

Од Основниот суд во Куманово, XI. П.бр. 557/01. (29943)

Пред овој суд е заведен парничен предмет за равод на брак по тужба на тужителката Арифе Рецепи од Куманово, ул."Трајко Јовановски" бр. 30, против тужениот Насер Рецепи од Куманово, со непозната адреса. Вредност на спорот неопределена.

На тужениот му се одредува времен застапник адвокатот Зафировиќ - Летковска Славица од Куманово, да го застапува тужениот во овој суд се додека тужениот не се јави во судот.

Од Основниот суд во Куманово, II. П.бр. 1296/01. (29957)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2829/2001, од 07.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 4-02000744-000-01, го запиша во трговскиот регистар запишувањето на одлуки на Технометал Вардар увоз-извоз Акционерско друштво за надворешен и внатрешен промет Скопје, п.о. ул. "Вељко Влаховиќ" бр. 11.

Запишување на одлуки за промени на Органите на управување - именување и разрешување на членови на Надзорниот одбор на: Технометал Вардар увоз-извоз АД Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2829/2001. (28868)

Основниот суд Битола во Битола, со решението П.Трег. бр. 1253/2001, од 28.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 006925, го запиша во трговскиот

регистар запишувањето на одлуки на ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР 4-ТИ НОЕМВРИ Битола Акционерско друштво ул."Индустриски дел" ББ.

Запишување на Одлука бр. 02-3131/4 од 19.11.2001 година и Одлука бр. 02-3131/5 од 19.11.2001 за разрешување на членови на Надзорен одбор, запишување на Одлука бр. 02-3131/6 и Одлука бр. 02-3131/7 двете од 19.11.2001 година за разрешување на членови на Управниот одбор, запишување на Одлука бр. 02-3131/8 од 19.11.2001 година за именување на членови на Надзорен одбор и Одлука бр. 02-3137/3 од 20.11.2001 година за именување на членови на Управниот одбор.

Се брише: Стојановска Бранка - овластен застапник. Се запишува: Петковски Благој - претседател на Управен одбор.

Од Основниот суд Битола во Битола, П.Трег. бр. 1253/2001. (30050)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2381/2001, од 06.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 02024426?-8-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Друштвото за промет на големо и мало АНИВ Благој ДООЕЛ увоз-извоз ул."Антон Попов" бр. 232, Скопје.

Се разрешува: Благој Богоевски - управител без ограничување. Се именува: Андријана Богоевска - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2381/2001. (23170)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 155/2001, од 04.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 1-69817-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејност во внатрешен трговски промет на Штедилница "ФУЛМ" ДОО Скопје ул."Железничка" бр. 58, Скопје.

Штедилница "ФУЛМ" ДОО Скопје ул."Железничка" бр. 58, Скопје.

Дејноста се проширува со: 65.12/3.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 155/2001. (23171)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 1045/2001, од 05.06.2001 година, во регистарската влошка бр. 02026759?-3-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на назив, седиште, содружник и управител на Друштвото за производство, трговија, сточарство, градежништво, транспорт, туризам и услуги САН-МАК ДООЕЛ експорт-импорт ул."М.Андоновски" бр. 9, Гостивар.

Се менува називот и седиштето на друштвото и во иднина ќе гласи: Друштво за производство, трговија, сточарство, градежништво, транспорт, туризам и услуги САН-МАК ДООЕЛ експорт-импорт ул."М.Андоновски" бр. 9, Гостивар.

Од друштвото истапуваат содружниците Мурик Насер од Гостивар и Мурик Сафет од Гостивар, а пристапува содружникот Белова Фазли од Гостивар со одлука од 05.04.2001 година. Се брише Мурик Сафет управител без ограничување. Се запишува Белова Фазли управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 1045/2001. (23172)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2125/2001, од 24.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 02002096?-6-06-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на фирма ТП Автотакси ТП "АРА" Трговец поединец Ислам Ризван Алили Гостивар, ул." Живко Брајкоски" бр. 191.

Бришење на фирма ТП на: Автотакси ТП "АРА" Трговец поединец Ислам Ризван Алили Гостивар, ул. "Живко Брајкоски" бр. 191.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2125/2001. (23173)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2396/2001, од 04.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 02014202?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Друштвото за трговија на големо и мало ЕЛАН-ИМПЕКС Сашко и други ДОО бул."Октомвриска револуција Б-4" бр. 8/2-1, Скопје.

Павловска Олга - управител без ограничување се брише. Павловски Сашко - управител без ограничување се запишува.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2396/2001. (23174)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 1483/2001, од 28.06.2001 година, во регистарската влошка бр. 6-02000583-000-01, ја запиша во трговскиот регистар промената на седиште на Промет на мало НОВА Ванчо Душан Бојчев ТП ул."Васил Главинов" бр. 12, Скопје.

Се менува седиштето на ТП и ќе се наоѓа на ул."Мито Хаџивасилев Јасмин" бр. 50, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 1483/2001. (23175)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2271/2001, од 20.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 02023062?-6-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената и седиште на ТП Зоран Миодраг Смиљановски продавница за промет на мало КОЛИБРИ ул."111" бр. 50, Скопје.

ТП Зоран Миодраг Смиљановски продавница за промет на мало КОЛИБРИ ул."Партизански одреди" бр. 37/6, приземје Скопје.

Новото седиште е на ул."Партизански одреди" бр. 37/6, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2271/2001. (23176)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2376/2001, од 14.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 8-02000526-000-09, ја запиша во трговскиот регистар промената на седиште на Приватната здравствена организација - Ординација по општа медицина "ПРЕВЕНТИВА 97" - Насер ДООЕЛ Скопје. "ПРЕВЕНТИВА 97" - Насер ДООЕЛ Скопје, ул."Џон Кенеди" Б-10/2 бр. 9-а, Скопје. Приватната здравствена организација - Ординација по општа медицина "ПРЕВЕНТИВА 97" - Насер ДООЕЛ Скопје. "ПРЕВЕНТИВА 97" - Насер ДООЕЛ Скопје, ул."Џон Кенеди" бр. 9-а локал 21 влез бр. 3.

Новото седиште е на ул."Џон Кенеди" бр. 9-а локал 21 влез 3, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2376/2001. (23177)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2267/2001, од 17.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 02020248?-8-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Друштвото за производство, трговија и услуги РАДИКА Славе ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул.Ѓорче Петров" бр. 71/3-6, Скопје.

Се врши промена на управител и тоа: Се брише : Рашити Исмаил - управител. Се запишува: Ирина Симиќ - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2267/2001. (23178)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 1865/2001, од 27.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 02037158?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма, истапува-

ње на содружник, пренос на удел и проширување на дејност во внатрешен и надворешен трговски промет на Друштвото за производство, трговија, градежништво, транспорт, туризам и услуги ИЦЕ ИМПЕКС Исеин и Исмет ДОО експорт-импорт ул."Н.Парапунов" блок Б ламела Ц 8, Гостивар.

Се врши промена на фирмата: Друштво за производство, трговија, градежништво, транспорт, туризам и услуги ИЦЕ ИМПЕКС Исеин и Исмет ДОО експорт-импорт Гостивар. Од 19.06.2001 година истапува Јусуфу Кемал од Гостивар.

Дејноста се проширува со: 01.11/4, 01.12/1, 01.21, 15.11, 15.12, 15.13, 15.31, 15.32, 15.41, 15.51, 15.52, 15.61, 15.62, 15.81/1, 15.81/2, 15.82/1, 15.86, 15.87, 15.98/1, 16.00/2, 17.11, 17.12, 17.40/1, 17.40/2, 17.51, 17.52, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.30, 19.10, 19.20, 20.10/1, 20.30, 20.50, 20.51, 21.12, 24.16, 24.17, 25.41, 24.52, 25.11, 25.12, 25.13, 25.22, 25.23, 25.24, 29.12, 19.13, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 36.40, 45.21, 45.22, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 50.40/2, 50.40/3, 45.45, 51.13, 51.21, 51.61, 51.62, 51.63, 51.65, 51.70, 52.32, 53.44, 53.44/1, 52.47, 52.50, 52.62, 52.63, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 62.10, 62.20, 63.30. Дејноста во надворешен трговски промет се проширува со: меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки, меѓународен превоз на патници, застапување и посредување во над. промет, комисионо и консигнационо работење, туристички и угостителски услуги, изведување на инвестициони работи во странство.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 1865/2001. (23179)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2480/2001, од 13.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 02018475?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма на Друштвото за трговија на големо со храна, пијалоци и тутун ВАРДАР КОМЕРЦ БН Катја и други ДОО Скопје, бул."АВНОЈ" бр. 34.

Се менува стариот назив на друштвото Друштво за трговија на големо со храна, пијалоци и тутун ВАРДАР КОМЕРЦ БН Катја и други ДОО Скопје.

Новиот назив гласи: Друштво за трговија на големо со храна, пијалоци и тутун ШПЕД КОМПАНИ ДОО Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2480/2001. (23180)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2319/01, од 30.08.2001 година, во регистарската влошка бр. 02033996?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Друштвото за услуги и трговија КНИГОВОДИТЕЛ Марина и Слободан ДОО ул."Бел Камен" бр. 29а, Скопје.

Се брише Јовеска Марина, се запишува Анцеска Елена.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2319/2001. (23181)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2418/2001, од 06.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 02020041?-8-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената, проширување на дејностите во вн. трг. промет на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЗАРА Коста ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул."Гемиџиска" бр. 54а.

Дејноста се проширува со следните шифри: 28.11, 28.12, 28.52, 28.62, 28.74, 28.75, 29.12, 29.13, 29.14, 29.22, 29.24, 29.40, 29.56, 74.13, 74.14, 74.20, 74.20/1, 74.20/2, 74.20/3.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2418/2001. (23182)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2431/2001, од 12.09.2001 година, во регистарската влошка бр. 020010983?-8-09-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма и конверзија на дем во евро на Друштвото за економска пропаганда и маркетинг МАРКЕТ ВИЗИЈА Александар ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул."Варшавска" бр. 15.

Промена на фирма на: Друштво за економска пропаганда и маркетинг ИНТЕРСЕТ ДООЕЛ Скопје, ул."Варшавска" бр. 15.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2431/2001. (23183)

